## 3.30 Иновации и интрапретприемаштво

| Прилог бр.3.33 | | Предметна програма од прв циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Иновации и интрапретприемаштво | | | |
| 2. | Код | БАС-12ИИП | | | |
| 3. | Студиска програма | Менаџмент на квалитет | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв циклус на студии | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 3 | семестар | 5 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 7 ЕКТС | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | проф. д-р Таип Јакупи,<br>виш пред. м-р Горазд Смилевски (одговорен наставник) | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | нема | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Цели на предметната програма:<br>• Разбирање на важноста на интрапретприемаштвото во вкупниот развој на организацијата;<br>• Стекнување со знаења за важноста на иновациите и стекнување на конкурентска предност на компанијата;<br>• Идентификување на можностите за иновации и подоборувања во организацијата;<br>• Трансформирање на можностите за иновации во нови комерцијални продукти или продажни канали и нови пазари;<br>• Осознавање на важноста на иновациите и креативноста во процесот на развој на нови производи и услуги, претприемчивост и стратегии за градење на нови деловни потфати;<br>• Менаџирање со фазите на интра-претприемаштвото.<br><br>Резултати од учењето:<br>• Применува основни концепти на иновацијата, претприемаштвото и интрапретприемаштвото за развој на нови идеи и стратегии во организациите;<br>• Знае различни видови иновации и нивното значење за создавање конкурентски предности на пазарот;<br>• Применува креативно размислување и техники за генерирање иновативни импулси кои ќе придонесат за решавање на сложени проблеми;<br>• Знае менаџерски алатки и процеси кои се користат за управување со иновации и подобрување на бизнис процесите;<br>• Применува стратегии за развој и формирање иновативни системи и тимови во организациите, како и за поддршка на иновацискиот процес;<br>• Знае како да ги води фазите на интрапретприемаштвото и организациската | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | претприемчивост за успешно имплементирање на иновации;<br>• Применува стратегии и методи за евалуација на иновациите, како и за технички развој и комерцијализација на нови производи или услуги. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | ПОГЛАВЈЕ 1: ОСНОВНИ КОНЦЕПТИ И ВАЖНОСТ НА ИНОВАЦИИТЕ - ПРЕТПРИЕМАШТВО И ИНТРАПРЕТПРИЕМАШТВО<br>1.1 Дефиниција на нтрапретприемаштвото<br>1.2 Претприемаштво и интрапретприемаштво<br>1.3 Кој е интрапретприемач?<br>1.4 Карактеристики на интрапретприемачот<br>1.5 Интрапретприемач Vs. Претприемач<br><br>*Резултати учењето:*<br>*Студентите ќе научат што е интрапретприемаштво, како и разликите помеѓу интрапретприемачот и претприемачот, со акцент на нивните улоги во рамките на организациите;*<br>*Ќе научат кои се главните карактеристики на интрапретприемачот;*<br>*Ќе научат за предностите и предизвиците на интрапретприемаштвото и како тоа влијае врз развојот на организациите..*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 2: ИНОВАЦИИ И ИНОВАТИВНОСТ И ВИДОВИ НА ИНОВАЦИИ<br>2.1 Новиот предизвик на иновацијата<br>2.2 Значењето на иновацијата за достигнување конкурентска предност 2.3 Дефинирање на иновацијата<br>2.4 Типови на иновации<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе научат што претставува новиот предизвик на иновацијата и како иновациите се одговор на промените во опкружувањето;*<br>*Ќе научат како иновацијата игра клучна улога во постигнувањето конкурентска предност и како помага во одржувањето на лидерската позиција на пазарот;*<br>*Ќе научат кои се различните типови на иновации и како секој од нив може да придонесе за развојот на нови производи, процеси или бизнис модели.*<br><br>Поглавје 3: Креативно размислување и извори на иновативни импулси<br>3.1 Суштина на креативното размсилување<br>3.2 Фази на процесот<br>3.3 Генерирање идеи (општо)<br>3.4 Суштина на креативната синтеза<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе научат што претставува креативното размислување и како тој процес ја стимулира иновацијата преку нови перспективи и решенија;*<br>*Ќе научат за фазите на креативниот процес и како систематски се развиваат идеи од почетната инспирација до конечните решенија;*<br>*Ќе научат како да генерираат идеи и како креативната синтеза помага во комбинирање на различни концепти за создавање нови иновации.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 4: МЕНАЏЕРСКИ АЛАТКИ ЗА ИНОВАЦИЈА<br>4.1 Општи менаџерски алатки<br>4.2 Процесно засновани алатки | |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4.3 Алатки засновани на технологија<br>4.4 Делфи метод<br>4.5 Латерално мислење<br>*Резултати од учењето:*<br>*Ќе научат за различните менаџерски алатки што се користат за поттикнување и управување со иновациите во организациите;*<br>*Ќе научат како процесно заснованите алатки и алатките засновани на технологија го поддржуваат иновацискиот процес и помагаат во оптимизација на бизнис активностите;*<br>*Ќе научат за методите како Делфи и латерално мислење, кои се користат за генерирање на иновации преку колективно размислување и не-конвенционално решавање на проблеми.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 5: ОРГАНИЗАЦИСКИ ИНОВАТИВЕН СИСТЕМ<br>5.1 Намера на системот<br>5.2 Филозофија на системот<br>5.3 Организациски политики<br>5.4 Инфраструктура на системот.<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе научат за целите и намерите на организацискиот иновациски систем и како тие придонесуваат за долгорочен успех на организацијата.*<br>*Ќе научат за филозофијата на иновацискиот систем, како и принципите и вредностите што ја водат организацијата кон иновација.*<br>*Ќе научат за важноста на организациските политики и инфраструктурата кои го поддржуваат иновацискиот процес и создаваат услови за развој и имплементација на иновациите.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 6: ФАЗИ НА ИНТРАПРЕТПРИЕМАШТВОТО<br>6.1 Општ поглед<br>6.2 Чекори и учесници<br>6.3 Од продукт/услуга до бизнис<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе научат за основните фази на интрапретприемаштвото и како секоја фаза го придвижува процесот на иновација и претприемачки развој во рамките на организацијата;*<br>*Ќе научат кои се главните чекори и учесници во процесот на интрапретприемаштво и како тие активно придонесуваат за имплементација на нови идеи и решенија;*<br>*Ќе научат како од продукт или услуга се преминува до создавање функционален бизнис, вклучувајќи стратегиите за трансформација и комерцијализација на иновациите.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 7: ПРОЦЕС НА ОРГАНИЗАЦИСКА ПРЕТПРИЕМЧИВОСТ<br>7.1 Формирање интрапретприемачки тим<br>7.2 Генерирање и селектирање идеи<br>7.3 Развој на концпети и проттипови<br>7.4 Евалуација<br>7.5 Комерцијализација<br><br>*Резултати од учњето:* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Ќе научат за процесот на формирање интрапретприемачки тимови, како тимската динамика и различни вештини влијаат на успешноста на иновациите;*<br>*Ќе научат како да генерираат и селектираат идеи, развиваат концепти и прототипови, а потоа да ги евалуираат пред да преминат во следната фаза на комерцијализација;*<br>*Ќе научат како процесот на комерцијализација ги претвора иновациите во одржливи и профитабилни производи или услуги на пазарот.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 8: СТРАТЕГИЈА И ПЛАНИРАЊЕ НА ИНОВАТИВНИОТ ПРОЦЕС<br>8.1 Основи на стратегиското планирање за претприемчивост<br>8.2 Еволутивни стратегии<br>8.3 Револуцонаерни стратегии<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Ќе научат за основите на стратегиското планирање за претприемчивост и како стратегиите можат да помогнат во управувањето со иновациите во организацијата;*<br>*Ќе научат за еволутивните стратегии и како постепените промени и подобрувања може да водат до успешни иновации;*<br>*Ќе научат за револуционерните стратегии и како радикалните промени и иновации можат да создадат нови пазарни можности и да доведат до значителен напредок во бизнисот.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 9: МЕНАЏИРАЊЕ НА ИНОВАТИВЕН ПРЕТПРИЕМАЧКИ ПРОЦЕС<br>9.1 Улоги и одговорности<br>9.2 Формирање на иновативнопретприемачки тим<br>9.3 Систем на поддршка на процесот<br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе научат за улогите и одговорностите на различните учесници во иновативниот претприемнички процес и како тие придонесуваат за неговиот успех.*<br>*Ќе научат како се формира иновативнопретприемачки тим и како тимската работа и соработка се клучни за успешното имплементирање на иновации.*<br>*Ќе научат за системите за поддршка на иновативниот процес, вклучувајќи ресурси, технологии и стратегии што помагаат во развојот и управувањето со иновациите.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 10: ТЕХНИЧКИ РАЗВОЈ НА ИНОВАЦИЈАТА<br>10.1 Прелиминарен дизајн<br>10.2 Спецификација на продукт дизајнот<br>10.3 Развивање на продукт архитектурата<br>10.4 Развивање нов бизнис<br>10.5 Брендирање<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе научат за фазите на техничкиот развој на иновацијата, вклучувајќи прелиминарен дизајн, спецификација на продукт, дизајн и развој на продукт архитектурата;*<br>*Ќе научат како да развијат нов бизнис, вклучувајќи стратегии за претворање на новите идеи во успешни и одржливи бизниси;*<br>*Ќе научат за важноста на брендирањето и како креирањето силен бренд може да ја зголеми вредноста и препознатливоста на иновацијата на пазарот.* |

| | | |
|---|---|---|
| | | ПОГЛАВЈЕ 11: Евалуација и заокружување на концептот<br>11. 1 Функција и пристап<br>11.2 Инпути за технолоѓки развој<br>11.3 Инцијална проверка<br>11.4 Содржина на евалуацијата<br>11.5 Анализа на евалуацијата<br>11.6 План за претприемчивост<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Стуентите ќе научат за функцијата и пристапот на евалуацијата, како и важноста на технолошкиот развој и инпути кои го поддржуваат процесот на евалуација;*<br>*Ќе научат како се извршува иницијалната проверка на концептот и која содржина треба да ја вклучува евалуацијата за да се осигура успешноста на иновацијата;*<br>*Ќе научат како да ја анализираат евалуацијата и да создадат план за претприемчивост кој ќе обезбеди успешна имплементација на концептот на пазарот.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 12: МОДЕЛ НА МЕНАЏИРАЊЕ НА ИНОВАЦИЈАТА<br>12.1 Однос на стратегијата и иновативниот процес<br>12. 2 Скенирање на окружувањето<br>12.3 Селектирање на иновативни идеи за натамошен развој<br>12.4 Формирање и поддршка на развојни тимови по идеи<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе научат за односот помеѓу стратегијата и иновативниот процес и како стратегиите ја водат имплементацијата на иновациите во организацијата.*<br>*Ќе научат како да скенираат окружувањето за нови трендови и можности, и како да ги селектираат иновативните идеи за натамошен развој.*<br>*Ќе научат како да формираат и поддржат развојни тимови по идеи, обезбедувајќи ресурси и поддршка за успешно реализирање на иновациите.* |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Вовед во бизнис |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Наставата по предметот Иновации и интрапретприемаштво се реализира преку комбинација на интерактивни предавања, практични вежби, студии на случај и индивидуална и групна работа, со цел да се овозможи сеопфатно разбирање на современите концепти и практики во областа на иновациите и интрапретприемаштвото.<br>Предавањата се организираат во форма на интерактивна настава каде што студентите се активно вклучени преку дискусии, прашања и мултимедијални презентации. Овој метод овозможува стекнување на теоретски знаења, но и нивна примена преку анализа на актуелни предизвици во областа.<br>Практичните вежби имаат за цел да ги зајакнат компетенциите на студентите преку симулации, решавање на конкретни задачи и примена на концептите во реални работни сценарија. Преку индивидуални и тимски активности, студентите развиваат аналитички и истражувачки способности, како и практични вештини за решавање на проблеми.<br>Студиите на случај се користат како алатка за подобро разбирање на менаџерските предизвици во реалниот сектор. Преку анализирање на конкретни примери од деловната пракса, студентите развиваат критичко |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | размислување и учат како да ги применат стекнатите знаења за идентификување и решавање на проблеми.<br>Индивидуалната и групната работа се важен дел од наставниот процес, бидејќи поттикнуваат активно учење, соработка и комуникациски вештини. Студентите имаат можност да работат на самостојни истражувања, како и да презентираат решенија за конкретни предизвици поврзани со иновациите и интарпретприемаштвото.<br>Со примена на овие наставни и работни методи, студентите се стекнуваат со применливо знаење, критичко размислување и практични вештини потребни за областа иновациите и интрапретприемаштвото. | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 189 часови | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 24 часа |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 24 часа |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | 24 часа |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 52 часа |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 65 часа |
| 18 | Услови за потпис | Реализирани активности од точка 16 и 17 | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | 50 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 20 |
| | 19.3. | Присуство и активност | | 30 |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Евалвации од студентите: Редовно спроведување на евалвации за оценување на наставниот процес, со фокус на содржината на предметот, методите на предавање, комуникацијата со студентите и јасноста на наставниот материјал.<br>Самоевалвација на наставниците: Наставниците вршат самооценка на своето предавање, оценувајќи ги своите методи на наставата, нивната ефективност и областите за подобрување.<br>Набљудување на наставата: Редовно набљудување на часовите од страна на колеги или менаџери за квалитет, со цел да се оценат методите на предавање и интеракцијата со студентите.<br>Постигнување на образовни цели и резултати: Анализа на академските резултати на студентите, како и нивните вештини и способности што ги стекнале, во контекст на учењето.<br>Меѓународни акредитации и стандарди: Применување на меѓународни стандарди за квалитет во образованието и вршење на редовни проверки преку акредитации и оценки од надлежни институции. | |

<table>
<tr><td rowspan="13">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Јакупи Т.,</td><td>Иновации и интрапретприемаштво, Компендиум</td><td>Бизнис академија Смилевски - БАС</td><td>2024</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Elias G. Carayannis Elpida T. Samara Yannis L. Bakouros</td><td>Innovation and Entrepreneurship Theory, Policy and Practice</td><td>Springer International Publishing</td><td>2019</td></tr>
<tr><td>3.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Павле Јевђић Милица Миловић Киноли Недим Мичијевић Амар Хамзић Армин Черкез Фрањо Бркан Ведран Раић Стив Рај</td><td>Приручник „Стартап у дигиталном предузетништву</td><td>PIN consulting</td><td>2020</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>FRANK O. UDUKEKE ENOIDEM B. USORO</td><td>ENTREPRENEURSHIPAND INNOVATION</td><td>Dorand Publisher</td><td>2023</td></tr>
<tr><td>3.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>